Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Управни и административни органи
ВИНИЦА

Примено:	12 11 2026		
Орг.Един:	Број:	Прилог:	Вредност:
09	1206		

ЈП"СОЛИДАРНОСТ"-ВИНИЦА
Бр.03-1139
12 11 2026 година

ДО
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
ВИНИЦА

ПРЕДМЕТ: Доставување Извештај за финансиското работење на ЈП Солидарност - Виница за период од 01.01 до 31.03.2026 година Извештај за финансиското работење на ЈП Солидарност - Виница за период од 01.01 до 30.09.2026 година , Извештај за финансиското работење на ЈП Солидарност - Виница за период од 01.01 до 30.09.2026 година , Програма за одржување на комунална хигиена во зимски услови за период од 2025/2026 година , Одлука за утврдување на тарифи за снабдување со вода за пиење за регулиран период од 2027-2026 година Одлука за за утврдување на тарифи за собирање и одведување на отпадни урбани води за регулиран период од 2027-2029 година

Согласно законската обврска ви доставуваме:

- Одлука за утврдување на тарифи за снабдување со вода за пиење за регулиран период од 2027-2029 година донесена на Управен одбор бр.02-1136/8 од 11.11.2026 година
- Одлука за утврдување на тарифи за собирање и одведување на отпадни урбани води за регулиран период од 2027-2029 година донесена на Управен одбор бр.02-1136/7 од 11.11.2026 година
- Извештај за финансиското работење на ЈП Солидарност - Виница за период од 01.01 до 31.03.2026 година
- Позитивно Мислење донесено од Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење бр.02-1135/2 од 11.11.2026 година
- Одлука за усвојување на Извештај за финансиското работење на ЈП Солидарност - Виница за период од 01.01 до 31.03.2026 година донесена од Управен одбор бр.02-1136/2 од 11.11.2026 година
- Извештај за финансиското работење на ЈП Солидарност - Виница за период од 01.01 до 30.06.2026 година
- Позитивно Мислење донесено од Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење бр.02-1135/2 од 11.11.2026 година
- Одлука за усвојување на Извештај за финансиското работење на ЈП Солидарност - Виница за период од 01.01 до 30.06.2026 година донесена од Управен одбор бр.02-1136/6 од 11.11.2026 година
- Извештај за финансиското работење на ЈП Солидарност - Виница за период од 01.01 до 30.09.2026 година
- Позитивно Мислење донесено од Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење бр.02-1135/2 од 11.11.2026 година
- Одлука за усвојување на Извештај за финансиското работење на ЈП Солидарност - Виница за период од 01.01 до 30.09.2026 година донесена од Управен одбор бр.02-1136/4 од 11.11.2026 година
- Програма за одржување на комунална хигиена во зимски услови за период од 2025/2026 година

-Одлука за усвојување на Програма за одржување на комунална хигиена во зимски услови за период од 2025/2026 донесена на Управен одбор бр.02-1136/6 од 11.11.2026 година

ЈП Солидарност-Виница
Вд. Директор
М-р Игор Спасовски

ЈП "СОЛИДАРНОСТ"-ВИНИЦА
Бр.02- 1136/18
11.11.2026 год.

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги(Сл.весник на РМ бр.63/2017) член 19 од Законот за јавни претпријатија, член 11 и 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги(Сл.весник на РМ бр.7/2016) Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност-Виница за регулиран период 2027-2029 Управниот одбор на ЈП"Солидарност"-Виница на ден 11.11.2026 година донесе :

О Д Л У К А
За утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност-Виница за регулиран период 2027-2029 година

чл.1

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност-Виница **за физички лица** и тоа:

-за **2027 год.** тарифата ќе изнесува 34,39 ден/м^3.
-за **2028 год.** тарифата ќе изнесува 34,85 ден/м^3.
-за **2029 год.** тарифата ќе изнесува 35,91 ден/м^3.

чл.2

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност-Виница **за правни лица** и тоа:

-за **2027 год.** тарифата ќе изнесува 64,30 ден/м^3.
-за **2028 год.** тарифата ќе изнесува 65,17 ден/м^3.
-за **2029 год.** тарифата ќе изнесува 67,14 ден/м^3.

чл.3

Со донесување на оваа одлука престануваат да важат одлуките за цени на вода за пиење донесени од страна на управниот одбор на ЈП Солидарност-Виница за Виница и за сите населени места каде ЈП Солидарност-Виница ги има превземено на управување водоводите.

чл.4

Оваа одлука ќе се применува по дадена согласност од страна на Советот на Општина Виница.

Управен одбор
Претседател

Јавно претпријатие за комунални работи
"СОЛИДАРНОСТ" Н.О.
Бр. 01-1057
14.10.2026
ВИНИЦА

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16), член 4 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.128/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 05 октомври 2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП СОЛИДАРНОСТ Виница за регулиран период 2027-2029 година

1. На ЈП СОЛИДАРНОСТ Виница се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:
   - за 2027 година во износ од 39,92 ден/m³;
   - за 2028 година во износ од 40,47 ден/m³;
   - за 2029 година во износ од 41,61 ден/m³.

08-186/26
5 10 26

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
   - минималниот и максималниот опсег за 2027 година изнесува 1,57%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2028 година изнесува 1,50%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2029 година изнесува 1,39%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:
   - за 2027 година:
     - минимална просечна тарифа 39,29 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 40,55 ден/m³;
   - за 2028 година:
     - минимална просечна тарифа 39,87 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 41,08 ден/m³;
   - за 2029 година:
     - минимална просечна тарифа 41,03 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 42,18 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување важи за регулиран период 2027-2029 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 јануари 2027 година.

Образложение

ЈП СОЛИДАРНОСТ Виница, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2027-2029 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр. 08–186/26 од 06.05.2026 година (во натамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈП СОЛИДАРНОСТ Виница ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - Изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

Доставени податоци

ЈП СОЛИДАРНОСТ Виница во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за базната 2025 година:

Опис	2025
Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар	7.633.897
Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства	1.211.754
Трошоци за осигурување на основни средства	0

Бруто плати	24.490.935
Други услуги	336.499
Останати и вонредни трошоци	1.582.022
Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот	185.041
Вкупно оперативни трошоци	**35.440.148**
Остварена просечна пондерирана тарифа	**47,20**

- Податоци за регулираниот период :

Опис	Ед.мерка	2027	2028	2029
Оперативни трошоци	денари	35.437.428	37.321.195	39.334.139
Амортизација	денари	2.662.303	2.839.084	3.046.100
Средства за ликвидност	денари	196.581	206.176	216.468
Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината	денари	3.472.500	2.865.000	2.765.000
Принос на регулирани средства	денари	1.216.406	1.074.904	913.270
Останати приходи остварени при вршење на водната улога	денари	0	0	0
РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)	денари	39.512.718	41.441.359	43.509.976
Количина	m^3	830.342	839.400	842.700
Просечна тарифа	ден/m^3	46,93	48,73	51,01
Минимална просечна тарифа	ден/m^3	46,27	48,08	50,40
Максимална просечна тарифа	ден/m^3	47,59	49,37	51,63

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 27 мај 2026 година го објави Барањето на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение број 02–1430/1 од 22 септември 2026 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување на Предлог Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП СОЛИДАРНОСТ Виница за регулиран период 2027-2029 година.

На 24 септември 2026 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, претставници од ЈП СОЛИДАРСНОТ Виница, претставници на општина Виница, Кабинетот на претседателот на Владата на РСМ, Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот инспекторат за животна средина, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Здружението на даватели на комунални услуги – АДКОМ, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Организацијата на потрошувачи на Македонија, Советот на заштита на потрошувачите, Стопанската комора на Северна Македонија и Стопанската комора на Северо-западна Македонија Сојузот на стопански комори на Македонија.

По однос на Решението за утврдување на тарифата за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, од страна на ЈП СОЛИДАРНОСТ Виница беа доставени забелешки во врска со

пресметката на оперативните трошоци. Согласно наводите на претпријатието, при пресметката не биле целосно земени во предвид трошоците за бруто-плати на сите вработени ангажирани во услугата водоснабдување. Од таа причина, претпријатието бара во пресметката да се земат во предвид и трошоците за вработените во заедничките служби, контролата на корисници и механизацијата.

Стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги ги разгледа доставените забелешки и изврши повторна анализа на трошоците за бруто-плати, по што утврди нова пресметка на трошоците за бруто-плати за водната услуга снабдување со вода за пиење или на водоснабдување.

Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги

При анализа на доставените податоци во Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2027-2029 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

Опис	Ед.мерка	2027	2028	2029
Оперативни трошоци	денари	30.336.614	31.500.996	32.711.751
Амортизација	денари	2.662.303	2.839.084	3.046.100
Средства за ликвидност	денари	171.077	177.075	183.356
Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината	денари	3.472.500	2.865.000	2.765.000
Принос на регулирани основни средства	денари	1.216.406	1.074.904	913.270
Останати приходи остварени при вршење на водната улога	денари	0	0	0
РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)	денари	34.386.399	35.592.059	36.854.476
Количина	m^3	847.989	866.374	873.646
Просечна тарифа	ден/m^3	39,92	40,47	41,61
Минимална просечна тарифа	ден/m^3	39,29	39,87	41,03
Максимална просечна тарифа	ден/m^3	40,55	41,08	42,18

По извршената анализа на реализираните оперативни трошоци од претходниот регулиран период и податоците од бизнис планот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за регулираниот период 2027 – 2029 година ги утврди следните оперативни трошоци:

1. Трошоците за материјали, резервни делови и ситен инвентар се утврдени согласно реализираните во 2025 година зголемени за проектираната стапка на инфлација, додека трошоците за електрична енергија се пресметани согласно киловат часови потрошени во базната година и предвидената цена за наредните години од регулираниот период и истите изнесуваат 8.744.791 денари за 2027 година, 9.094.583 денари за 2028 година и 9.458.366 денари за 2029 година;
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување се утврдени согласно реализираните трошоци од бруто билансот во 2025 година, зголемени за проектираната стапка на инфлација, и истите изнесуваат 86.569 денари за 2027 година, 90.032 денари за 2028 година и 93.633 денари за 2029 година;

3. Трошоците за бруто плати се утврдени врз основа на исплатената просечна плата за месец јуни 2026 година и бројот на вработени и истите изнесуваат 18.898.065 денари за 2027 година, 19.653.987 денари за 2028 година и 20.440.147 денари за 2029 година;
4. Другите услуги се прифатени согласно реализираните трошоци од бруто билансот во 2025 година, зголемени за проектираната стапка на инфлација, и изнесуваат 1.096.396 денари за 2027 година, 1.140.252 денари за 2028 година и 1.185.862 денари за 2029 година;
5. Останатите и вонредните трошоци се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 1.318.351 денари за 2027 година, 1.322.965 денари за 2028 година и 1.327.595 денари за 2029 година;
6. Даноците, придонесите и други давачки кои не зависат од резултатот на работењето се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 192.442 денари за 2027 година, 199.177 денари за 2028 година и 206.148 денари за 2029 година.

Амортизацијата на сопствените основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 2.662.303 денари за 2027 година, 2.754.709 денари за 2028 година и 2.893.775 денари за 2029 година.

Амортизацијата на бесплатно добиените средства со кои се врши водната услуга изнесува 0 денари за 2027 година, 84.375 денари за 2028 година и 152.325 денари за 2029 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 171.077 денари за 2027 година, 177.075 денари за 2028 година и 183.356 денари за 2029 година.

Приносот на регулираните основни средства за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување изнесуваат 1.216.406 денари за 2027 година, 1.074.904 денари за 2028 година и 913.270 денари 2029 година.

Количината на испорачана вода е утврдено да изнесува 847.989 m^3 за 2027 година, 866.374 m^3 за 2028 година и 873.646 m^3 за 2029 година.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 39,92 ден/m^3 за 2027 година, 40,47 ден/m^3 за 2028 година и 41,61 ден/m^3 за 2029 година.

При утврдување на просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите и даноците утврдени со закон. Исто така во процесот на донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување ЈП СОЛИДАРНОСТ Виница треба да ги има во предвид ефектите од измена на постојната тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување во крајната цена на водната услуга која се фактурира до крајните корисници.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој ЈП СОЛИДАРНОСТ Виница ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на

тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување изнесува 1,57% за 2027 година, 1,50% за 2028 година и 1,39% за 2029 година.

ЈП СОЛИДАРНОСТ Виница при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства и трошокот на долгорочниот долг на давателот на водната услуга, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства и амортизацијата на бесплатно добиените средства, средствата за ликвидност, како и приносот на регулираните основни средства.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈП СОЛИДАРНОСТ Виница да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период .

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16).

УП1 бр. 08-186/26
05 октомври 2026 година
Скопје

Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Ацо Ристов

ПРЕДВИДЕН ПРИХОД ЗА 2027 ГОДИНА

А) ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Предвидена количина на фактурирана вода според Решението од РКЕВУ **847.989 м3**

Процентуално учество по категорија на корисници:

*Домакинства	84% 847.989 x 0,84=	712.310 м3
*Останати	16% 847.989 x 0,16=	135.679 м3
*Вкупно	100%	847.989 м3

Очекуван приход

*Домаклинства	712.310 x34,39=	24.496.341 ден.
*Останати	135.679 x 64,30=	8 .724.159 ден.
*Вкупно	847.989	**33.220.500 ден.**

ПРЕДВИДЕН ПРИХОД ЗА 2028 ГОДИНА

Предвидена количина на фактурирана вода според Решението од РКЕВУ **866.374 м3**

Процентуално учество по категорија на корисници:

*Домакинства	84% 866.374 x 0,84=	727.755 м3
*Останати	16% 866.374 x 0,16=	138.619 м3
*Вкупно	100%	866.374 м3

Очекуван приход

*Домакинства	727.755 x 34,85 =	25.362.261 ден.
*Останати	138.619 x 65,17 =	9.033.800 ден.
*Вкупно	866.374	**34.396.061 ден.**

ПРЕДВИДЕН ПРИХОД ЗА 2029 ГОДИНА

Предвидена количина на фактурирана вода според Решението од РКЕВУ **873.646 м3**

Процентуално учество по категорија на корисници:

*Домакинства	84% 873.646 x 0,84=	733.863 м3
*Останати	16% 873.646 x 0,16=	139.783 м3
*Вкупно	100%	873.646 м3

Очекуван приход

*Домакинства	733.863 x 35.91 =	26.353.020 ден.

*Останати	139.783 x 67,14 =	9.385.030 ден.
*Вкупно	873.646	**35.738.050 ден.**

Б) СОБИРАЊЕ И О0ДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ

ПРЕДВИДЕН ПРИХОД ЗА 2027 ГОДИНА

Предвидена количина на фактурирана вода според Решението од РКЕВУ **693.617 м3**

Процентуално учество по категорија на корисници:

*Домаќинства	84% 693.617 x 0,84=	582.639 м3
*Останати	16% 693.617 x 0,16=	110.978 м3
*Вкупно	100%	693.617 м3

Очекуван приход

*Домаклинства	582.639 x12,10 =	7.049.932 ден.
*Останати	110.978 x 12,10=	1.342.834 ден.
*Вкупно	693.617	**8.392.766 ден**

ПРЕДВИДЕН ПРИХОД ЗА 2028 ГОДИНА

Предвидена количина на фактурирана вода според Решението од РКЕВУ **699.499 м3**

Процентуално учество по категорија на корисници:

*Домаќинства	84% 699.499 x 0,84=	587.579 м3
*Останати	16% 699.499 x 0,16=	111.920 м3
*Вкупно	100%	699.499 м3

Очекуван приход

*Домаклинства	587.579 x12,42 =	7.297.731 ден.
*Останати	111.920 x 12,42=	1.390.046 ден.
*Вкупно	699.499	**8.687.777 ден**

ПРЕДВИДЕН ПРИХОД ЗА 2029 ГОДИНА

Предвидена количина на фактурирана вода според Решението од РКЕВУ **702.249 м3**

Процентуално учество по категорија на корисници:

*Домаќинства	84% 702.249 x 0,84=	589.889 м3
*Останати	16% 702.249 x 0,16=	112.360 м3
*Вкупно	100%	702.249 м3

Очекуван приход

*Домаќинства	589.889 x12,80 =	7.550.579 ден.
*Останати	112.360 x12,80 =	1.438.208 ден.
*Вкупно	702.249	**8.988.787 ден**

РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПРЕДВИДЕНИТЕ ПРИХОДИ ПО ГОДИНИ

А) ВОДОСНАБДУВАЊЕ

	период			
	2027	2028	2029	вкупно
*Домаќинства	24.496.341	25.362.261	26.353.020	76.211.622
*Останати	8.724.159	9.033.800	9.385.030	27.142.989
*Вкупно:	**33.220.500**	**34.396.061**	**35.738.050**	**103.354.611**

Б) СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

	период			
	2027	2028	2029	вкупно
*Домаќинства	7.049.932	7.297.731	7.550.579	21.898.242
*Останати	1.342.834	1.390.046	1.438.208	4.171.088
*Вкупно:	**8.392.766**	**8.687.777**	**8.988.787**	**26.069.330**

РЕКАПИТУЛАЦИЈА (А+Б)

	период			
	2027	2028	2029	вкупно
А) Водоснабдување	33.220.500	34.396.061	35.738.050	103.354.611

Б) Отпадни води	8.392.766	8.687.777	8.988.787	26.069.330
Вкупно	**41.613.266**	**43.083.838**	**44.726.837**	**129.423.941**

СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

***Оперативни трошоци А/Б**

А) според Барање од ЈП „Солидарност„ - Виница

Б) според анализа од РКЕВУ

период		
2027	2028	2029
35.437.428/ **30.336.614**	37.321.195/ **31.500.996**	39.334.139/**32.711.751**
***Регулиран приход**		
39.512.718/**34.386.399**	41.441.359/ **35.592.059**	43.509.976/**36.854.476**
***Бруто плати**		
26.205.300/**18.898.065**	28.039.671 /**19.653.987**	30.002.448/**20.440.147**

СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ

***Оперативни трошоци А/Б**

А) според Барање од ЈП „Солидарност„ - Виница

Б) според анализа од РКЕВУ

Период		
2027	2028	2029
7.428.793/ **6.232.751**	7.721.301/ **6.899.911**	8.025.350/**7.347.971**
***Регулиран приход**		
9.420.110/**8.278.155**	9.686.059/ **8.960.580**	9.963.415/**9.423.817**
***Бруто плати**		
5.382.047/**4.724.516**	5.754.175 /**4.913.497**	6.162.317/**5.110.037**

изработил:

дипл.инж.арх. Симо Јангеловски

ЈП„Солидарност„ - Виница

ВД Директор

м-р Игор Спасовски